# РЕГИСТРАЦИЈА И ЗАБРАНА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ - СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ

**Судија Елизабета Настов**

# Поим за политичка партија

- Доброволна организација на граѓани формирана за остварување и заштита на политички, економски социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта
- ЦЕЛИ- остварување преку демократско формирањеи изразување на политичка волја со учество на избори како и на друг демократски начин
- Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии НЕ МОЖАТ да бидат насочени кон:

А) насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија

Б) поттикнување или повикување на воена агресија

В) разгорување на нациналнa, расна или верска омраза и нетрпеливост

# Принцип на еднаквост на половите и забрана на дискриминација

- При дејствувањето ПП се грижат за остварување на принцип на еднаквост на половите во достапноста на функциите во ПП
- Забранета е секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во ПП

# Еднаквост на ПП пред Уставот и законот територијален принцип

- Сите ПП се еднакви пред Уставот и законот
- На ПП им се гарантира слобода и независност во дејствувањето и во определувањето на внатрешната структура целите и изборот на демократски форми и методи на дејствување
- ПП во внатрешната организација не смеат да организираат воени или полу воени структура
- ПП не смеат да се основаат и дејствуваат во органите на државна власт (законодавна, извршна и судска), во ЈП, ЈУ и други организации основани од државата, општините и градот Скопје

# Членување на ПП во меѓународнни организации и соработка со странски ПП, финансирање …..

- Дозволено е членување на домашните ПП во меѓународни организации и соработување со странски ПП,
- Не е дозволено ПП од други земји да дејствуваат во РСМ
- ПП се непрофитни организации, а средствата за дејствување и располагање со истите  се утврдени со закон
- Јавно е основањето, работењето и финансиското работење на ПП

# Основање и регистрација на ПП

- Кој може да основа ПП?
- Најмалку 1000 (порано 500) граѓани на РСМ кои имаат избирачко право и потпишале изјава за основање на ПП
- Член на ПП-Секој полнолетен и дел.способен граѓанин на РСМ, кој ќе даде изјава за доброволно членство (државјанство, потврда од суд, копија од лк....)
- Доброволно членување и слободно истапување од ПП

# Содржина на изјавата за основање на ПП

- Лично име на основачот, ЕМБГ, адреса, потпис на основачот заверен на нотар и име и скратено име на ПП

# Како се основа ПП?

- На **собрание на основачи** на кое се донесува
- Одлука за основање
- Програма
- Статут
- Се избираат органи на ПП

# Што содржи Одукта за основање?

- Име и скраено име на ПП
- Седиште на ПП
- Лично име на овл. Лице кое ке врши работи за упис во Судски регистар
- Лични имиња на основачите, ЕМБГ, адреса

# Што содржи програмата на ПП

- Одредби за целите и изборот на формата и методот на дејсвување на ПП

# Содржина на Статут на ПП

- Име и скратено име на ПП
- Седиштте на ПП
- Политички цели на дејствување, осварување на јавност во работата и начинот на дејстување
- условите и начинот на зачленување и престанување на членството и правата, обврските и одговорностите на членовите; - застапувањето и претставувањето на политичката партија; - органите на политичката партија, начинот на нивниот избор и отповикување, траењето на мандатот и начинот на одлучувањето; - стекнувањето и располагањето со средствата; - престанокот на политичката партија; - постапувањето со имотот во случај на престанок на политичката партија и - ознаките на политичката партија (знаме, симбол, амблем и друго).

# Содржина на Статут на ПП

- (2) Името и ознаките на политичката партија се разликуваат од името и ознаките на регистрираните политички партии во Република С. Македонија.
- (3) Името и ознаките на политичката партија не можат во себе да го содржат името, односно ознаките, симболите на Република С. Македонија, на државните органи, на општините и градот Скопје, на други држави, како и на други државни и меѓународни организации

# Регистрација на ПП партии

- (1) Политичките партии се запишуваат во **регистар** според нивното седиште што го
- води **надлежниот основен суд** (во натамошниот текст: судски регистар) .
- (2) Судски регистар на политички партии водат основните судови определени со
- Законот за судовите.
- (3) Податоците запишани во **Судскиот регистар** се јавни.
- (4) Министерот за правда ги пропишува формата и содржината на образецот за упис во Судскиот регистар и начинот на неговото водење кој се објавува во "Службен весник на Република С. Македонија" и на веб страницата на Министерството за правда.

# Регистрација на ПП партии

- Согласно член 17-а (1) Врз основа на податоците добиени од судовите од членот 17 став (1) на овој закон, **Основниот Граѓански суд- Скопје** води Единствен судски регистар на политички партии.
- (2) Во Единствениот судски регистар на политичките партии се запишуваат истите податоци што се запишуваат во судскиот регистар.

# Барање за запишување на ПП во судски регистар

- (1) Политичката партија е должна во рок од 30 дена од денот на одржувањето на основачкото собрание да поднесе барање за запишување во Судскиот регистар.
- (2) Со барањето за запишување на политичката партија во Судскиот регистар се поднесува:

# Барање за запишување на ПП во судски регистар

- - записник за работата на основачкото собрание во кој се содржани датумот и местото на одржување на основачкото собрание;
- - одлука за основање;
- - изјава за основање;
- - програма;
- - статут;
- - одлука за избор на органи на политичката партија во која ќе бидат наведени личното име на претседателот на политичката партија, односно на лицето кое ќе ја застапува и претставува политичката партија и личното име на лицето, односно лицата одговорни за материјално-финансиското работење;
- - оригинали или фотокопии од уверенијата за државјанство на основачите заверени кај нотар и
- - слика во боја на ликовно-графичкиот приказ на ознаката на политичката партија.

# Постапување на судот по однос на барањето за регистрирање на ПП

- (1) Ако Судот утврди дека барањето за запишување на политичката партија воСудскиот регистар е **нецелосно**, односно програмата и статутот не ги содржат прашањата определени со членовите 15 и 16 од овој закон, ќе го повика подносителот на барањето во рок од 30 дена да го дополни барањето за запишување во Судскиот регистар.

# Постапување на судот по однос на барањето за регистрирање на ПП

- (2) Ако подносителот на барањето за запишување во Судскиот регистар не постапи согласно со ставот (1) од овој член, Судот ќе донесе решение со кое ќе го **одбие барањето** за запишување во Судскиот регистар.

# Постапување на судот по однос на барањето за регистрирање на ПП

- (1) Ако Судот утврди дека барањето за запишување во Судскиот регистар е **целосно**, односно ги содржи прашањата определени со одредбите од овој закон, должен е во рок од **15 дена** од денот на поднесување на барањето да донесе **решение** за упис на политичката партија во Судскиот регистар.

# Содржината во решението за упис на ПП во судскиот регистар

- (2) Во **решението за упис на политичката партија** во Судскиот регистар се содржани:
- - името и седиштето на политичката партија;
- - скратеното име на политичката партија;
- - личното име на претседателот на политичката партија, односно на лицето кое ќе ја застапува и претставува политичката партија и
- - личното име на лицето, односно лицата одговорни за материјално-финансиското работење на партијата.

# Одбивање на барањето за упис на ПП во судски регистар

- (1) Ако Судот утврди дека **програмата и статутот** на политичката партија се спротивни на овој закон, ќе го повика подносителот на барањето за запишување во Судскиот регистар во рок од 30 дена да ги усогласи актите на партијата со одредбите на овој закон.
- (2) Ако подносителот на барањето за запишување во Судскиот регистар не постапи согласно со ставот (1) од овој член, Судот со решение ќе го **одбие барањето** за запишување во Судскиот регистар.

# Одбивање на барањето за упис на ПП во судски регистар

- (1) Ако **името или ознаките** на политичката партија се спротивни на одредбите на овој закон, Судот ќе го повика подносителот на барањето за запишување во Судскиот регистар во рок од 30 дена да достави барање со ново име или ознаки на политичката партија.
- (2) Ако подносителот на барањето за запишување во Судскиот регистар не постапи согласно со ставот (1) од овој член, Судот со решение ќе го **одбие барањето** за запишување во Судскиот регистар.

# Одбивање на барањето за упис на ПП во судски регистар

- (1) Решението од членот 11 став (7) и решението со кое се **одбива барањето** за запишување во Судскиот регистар содржи образложение за причините за неговото одбивање.
- (2) Против решението од членот 11 став (7) и решението со кое се одбива барањето за запишување во Судскиот регистар е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до **Апелациониот суд во Скопје.**

# Измените на програмата и статутот на ПП

- (1) Политичката партија е должна за **измените на програмата** и статутот во рок од 30 дена од денот на направените измени да го извести Судот и да му ги достави со записникот од седницата на која се усвоени.
- (2) Политичката партија е должна за изборот на **нов претседател**, односно на лице кое ќе ја застапува и претставува политичката партија, како и за избор на ново лице, односно лица одговорни за материјално-финансиското работење на партијата, да го извести Судот и да му достави одлука за избор на овие лица и записник од седницата на која е извршен изборот.

# Измените на програмата и статутот на ПП

- (3) Ако политичката партија направи измени на **програмата и статутот**, како и на податоците кои се запишуваат во Судскиот регистар е должна во рок од 30 дена од денот на направените измени да го извести Судот.
- (4) Судот е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на известувањето да донесе **решение за упис на промените** во Судскиот регистар.

# Чување на документите за регистрирање на ПП

- (1) Документите поднесени за регистрирање на политичката партија се чуваат во **Судот.**
- (2) Секој има право да направи увид и да добие копија на документите за регистрација, освен од одлуката и изјавите за основање на политичката партија и уверенијата за државјанство на основачите.

# Бришење на ПП од судски регистар

- Политичката партија престанува да постои со бришење од Судскиот регистар:
- - кога политичката партија ќе поднесе барање за бришење од Судскиот регистар;
- - врз основа на правосилно решение за бришење на политичката партија од Судскиот регистар, донесено од страна на Судот врз основа на овој закон;
- - кога на политичката партија и е забрането дејствување со правосилно решение, во согласност со одредбите на овој закон;
- - кога органот утврден со статутот на политичката партија ќе донесе одлука за спојување со друга политичка партија;
- - кога е намален бројот на членовите на политичката партија определен во членот 11 од овој закон и
- - кога Уставниот суд на Република Македонија ќе утврди дека програмата или статутот на политичката партија не се во согласност со Уставот.

# Бришење на ПП од судски регистар

- (1) Барање за бришење од Судскиот регистар може да поднесе **самата политичка партија** кога: органот утврден со статутот на политичката партија ќе донесе одлука за престанок.
- (2) Лицето кое ја застапува политичката партија е должно во рок од 15 дена од настанувањето на основот од ставот (1) на овој член за престанок на политичката партија да го извести за тоа Судот, заради бришење на политичката партија од судскиот регистар.
- (3) Судот со решение **го утврдува престанокот на политичката партија и врз основа на тоа ја брише** од Судскиот регистар.

# Постапување на судот по предлогот на јавен обвинител за бришење на ПП од Судски регистар

- (1) Ако политичката партија е запишана во Судскиот регистар врз основа на невистинити податоци, надлежниот јавен обвинител дава предлог пред Судот за покренување на постапка за бришење на политичката партија од Судскиот регистар.
- (2) Расправата по предлогот ќе се одржи во рок од осум дена по приемот на предлогот од ставот (1) на овој член.
- (3) На расправата како странки ќе се повикаат надлежниот јавен обвинител и лицето овластено за застапување на политичката партија.

# Постапување на судот по предлогот на јавен обвинител за бришење на ПП од Судски регистар

- (4) Постапката пред Судот се води според правилата на парничната постапка, ако соодредбите на овој закон поинаку не е определено.
- (5) Судот ќе донесе решение со кое се одбива предлогот на јавниот обвинител или решение за бришење на политичката партија од Судскиот регистар.
- (6) Решението за бришење на политичката партија од Судскиот регистар мора да биде образложено.
- (7) Против решението за бришење од Судскиот регистар е дозволена жалба до Апелациониот суд во Скопје во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

# Постапување на судот по предлогот на јавен обвинител за бришење на ПП од Судски регистар

- По одржаната расправа основниот суд може да донесе решение со кое:
- - се одбива предлогот на надлежниот јавен обвинител;
- - се изрекува опомена пред забрана на дејствување на политичката партија или
- - се забранува дејствувањето на политичката партија.

# Бришењето-престанокот на ПП

- Ако Уставниот суд на Република С.Македонија со одлука утврди дека програмата или статутот на политичката партија не се во согласност со Уставот на Република С Македонија, Основниот Граѓански суд Скопје, како регистарски суд, врз основа на одлуката донесува решение за утврдување на престанокот на политичката партија.
- Врз основа на решението од ставот 1 на овој член, Судот, политичката партија ја брише од Судскиот регистар.